Универзитетски гласник

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
**Проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

*Уредник*
*на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

**О Д Л У К А**
за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје .................................. 2

**О Д Л У К А**
за изменување и дополнување на
О Д Л У К А Т А
за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје .................................................................. 3

**О Д Л У К А**
за измена на Одлуката за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје .......................... 4

**Член 3**

Дополнителните надоместоци на студентите за набавка на онлајн ресурси за реализација на студиските програми и за набавка на материјални ресурси за реализација на студиските програми за учебната 2024/2025 година се во вкупен износ од 4.000,00 денари.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Д Е К А Н**
**Проф. д-р Сашо Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 86, став 1, точка 2 од Статутот на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 444/2019 и бр. 526/2020) и членовите 5 и 8 од Анексот кон Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), Деканатската управа на Факултетот, на седницата одржана на 31.1.2025 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на**
**О Д Л У К А Т А**
**за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци**
**поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје, објавена во Универзитетски гласник бр. 698/2024 (во понатамошниот текст: Одлуката).

**Член 2**

Во член 1 од Одлуката:

„Во точка 11 од табеларниот приказ, бројот „1.000,00“ се заменува со бројот „2.000,00“.

Во точка 12 од табеларниот приказ, бројот „1.500,00“ се заменува со бројот „1.000,00“.

Во точка 13 од табеларниот приказ, бројот „1.500,00“ се заменува со бројот „1.000,00“.

**Член 3**

Надоместокот од член 2, став 1, алинеја 1 од оваа одлука, а кој се однесува на: Организирање на дополнителна активност на барање на студентот за надоместување на нереализирана настава по предметна програма, ќе започне да се применува од летниот семестар во учебната 2024/2025 година.

**Член 4**

Вкупните средства кои ќе ги надоместат студентите на Економскиот факултет во Скопје, во учебната 2024/2025 година, по основ: Набавка на материјални ресурси за реализација на студиските програми и по основ на: Набавка на онлајн ресурси за реализација на студиските програми изнесуваат 4.000,00 денари.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување во Универзитетски гласник.

Оваа одлука ќе се објави на веб-страницата на Факултетот.

**Д Е К А Н**
**Проф. д-р Предраг Трпески, с.р.**

Врз основа на член 108, став 1, точка 2 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 458/2019 година и бр. 458/2021-анекс) и членовите 5 и 8 од Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), Деканатската управа на Факултетот, на својата XIV редовна седница одржана на 5.2.2025 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со спецификите во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 699/24), во точка 1, во табелата под реден број 1. Издавање на уверение за положени испити во текот на студиите, бројот „14“ се менува со бројот „4“ и под реден број 4. Материјални ресурси за реализација на студиските програми (годишно), износот од „3.500,00 денари“ се менува и новиот износ гласи „1.500,00 денари“.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Универзитетски гласник.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Светозар Антовиќ, с.р.**